Education
Public Schools

Walk safely




# ИНФОРМАЦИИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТИШТАТА

**ВИЕ СТЕ ОДГОВОРНИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА ВАШИТЕ ДЕЦА КОГА ТИЕ ПАТУВААТ КОН И ОД УЧИЛИШТЕ.**

## Пешачете безбедно

Секогаш, држете ги децата за рака – кога пешачете на тротоар, во паркингот и кога преминувате преку улица – барем додека не наполнат 8 години.

Кога вашите деца се на возраст меѓу 8 и 10 години, внимателно надгледувајте ги кога ќе бидат во близина на сообраќај и кога преминуваат преку улица.

**Кога ќе одлучете дека вашите деца над 10-годишна возраст се подготвени сами да одат и да се враќаат од училиште, заедно направете план како тоа ќе го прават. Вежбајте како треба да бидат безбедни пешаци на следните начини:**

- да се движат на левата страна од тротоарот
- да внимаваат на возилата кои влегуваат или излегуваат од пристапните патетки за возила од куќа
- мобилните телефони и уреди или други луѓе да не им го одвлекуваат вниманието
- да користат друг, безбеден пат до дома во врнежливо време
- да ги почитуваат другите пешаци.

**СТОП!** еден чекор назад од работ на тротоарот.
**ГЛЕДАЈ!** постојано гледај во двата правци.
**СЛУШАЈ!** ги звуците на возилата што се приближуваат.
**РАЗМИСЛИ!** дали е безбедно да се премине преку улица?

**За понатамошна поддршка**

Посетете ја Образовна програма за безбедност на патиштата на одделот на https://education.nsw.gov.au/road-safety-education или посетете https://education.nsw.gov.au и побарајте под образование за безбедност на патиштата.

**Поттикнувајте ги вашите деца:**

- секогаш да ја преминуваат улицата на безбедно место, на пример, на пешачки премин, на семафори или на школски премин, ако тој постои
- да проверуваат дали има возила кои свртуваат во спротивна насока пред да преминат преку улица или преку пристапната патека за возила до куќа
- никогаш да не претпоставуваат дека некој возач може да ги виде или дека ќе застане
- да воспостават контакт со очи со возачот за да знаат дека тој ги видел
- да почекаат возачот на возилото целосно да застане пред тие да преминат преку улица или преку пристапната патека за возила до куќа.

